# ЗАНАЕТИТЕ ОД МУЗЕОЛОШКИ АСПЕКТ – НЕКОИ ИСКУСТВА ВО БЕРОВСКО

*Крсте Богоески*
*Македония*

Начинот на живеење и степенот на културен развој на одредена популација и видлив и преку одделните видови занаети и нивниот развој во одреден временски период. Начините на извршување на тие занаети се пренесувале од колено на колено преку усните кажувања, но и преку материјалните носители на информации, предметите.

Откривањето на идентитетите преку предметите на наследството претставува процес кој опфаќа постапка која се состои во активното комуницирање (откривање, селекција, собирање, документирање, проучвање, заштита и чување) и интерпретирање на документарните, естетските и други вредности што ги носат тие предмети. Тој процес е наречен музеализација. *"Музеализацијата на предметите на наследството преставува почеток нао спасот од заборавот"*[1] и е од исклучително значење за функционирањето на музејските институции и за градење на односот кон тоа наследство. Основно при музеализацијата е да се опфатат три новои на податоци, и тоа: физички или структурални својства. (хардвер на предметот) кои вклучуваат материјал, конструкција и облик; функционални својства, кои се однесуваат на употребата и користењето и въжноста на предметите кои го чинат значењето и вредноста (софтвер на предметот); и однос на предметот кон контекстот, кој се однесува на физичката и идејната околина.

Стручњаците кои што се занимаваат со културното наследство, своите истражувања треба да ги насочат кон материјалното и неметеријалното наслидство (научна ориентација) како кон извори и медиуми, кон вредностите и значењето (културна ориентација), кон човекот (социјална ориентација). Кога зборуваме за нематеријалното

културно наследство, секогаш треба да имаме предвид дека и тоа наследство мора да биде пренесено на материјални носители, за да може да се зачува за сегашните и идните генерации.

Во методологијата на истражувањето потребно е да бидат опфатени четири особини на предметите на наследството, и тоа:

– материјалот – суровина, облик, конструкција и технологија;
– историјата – описен преказ на намената и употребата;
– околината – во која се вклучени просторните односи;
– важоста – која ги опфаќа е мотивните и психолошките пораки.

Заради солиден опфат на релевантните податоци поврзани со носителите на информации и нивниот контекст, неопходно е да се употреби комплекс од информативни полиња, кои како стандарди треба да најдат практична примена во водењето на музејската документација за предметите на наследството.

Имајќи ги предвид горните претпоставки ние во периодот от 2000 до 2002 година, во еден поголем проект под наслов: *Музеализација на земјоделската опрема и занаетите во врска со неа во Малешевско и Струмичко*, изведовме научни истражувања, при што се стекнавме со одделни сознанија за состојбата на културното наследство во овие етно предели. Сега ќе изложиме само одделни сознанија за селските занаети во Малешевско.

Етно просторот Малешевија се наоѓа на источниот дел од Република Македонија. Конфигурацијата на теренот(котлина опкружена со планини) овозможувала овој простор да биде одамна населен. Во него се наоѓаат селата: Митрашинци, Будинарци, Мачево, Робово, Смојмирово, Владимирово, Русиново, Ратево, Двориште, Умлена, Чифлик и Негрево и градовите Берово и Пехчево. Некои автори во рамките на Малашевијата не ги ставаат Пехчево со селата Умлена, Чифлик и Негрево, веројатно понесени од тоа дека не припаѓаат во поранешната општина Берово.

Егзистенцијата на населението на овој предел се обезбедувала преку земјоделството и сточарството, како и преку одделните видови занаети. Климатските и почвените услови овозможувале да се засејуваат повеќе життни култури, како: рж, овес, јачмен, просо и познатиот тип пченица *јарица*. Од почетокот на XIX век во овој предел се сеела и пченка, и пак од средината на XIX век компирот.[2] Дру-

ги култури што се одгледувале во овој предел биле и конопот, ленот, зелката, пиперките, гравот и други.

Во врска со извршувањето на земјоделските активности се употребувале повеќе орудија и алати, како што се: срп, коса, вила, мотика, копач, дикел, рало, брана, плуг, кола и други. Од објектите познати биле: гумно, плевна, амбар, кош, воденица, сушилница за сливи и др.

Малешевско е познато и по развиено сточарство. Во таа смисла се одгледувал ситен и крупен добиток.

Од ова се гледа дека во минатотозанаетите биле поврзани со начинот на живот на луѓето во одреден регион. Во Малашевско во минатото постоеле и повеќезанаети поврзани со земјоделството и со сточарството, но и со другите потреби од секојдневниот живот. Така, биле познати ковачкиот, коларскиот, кацарскиот, грнчарскиот, самарџискиот, кујунџискиот, дунѓерскиот, врекарскиот, терзискиот,потковачкиот, катранџискиот и други занаети. Скоро во сите осела имало одделни занаети, особено најнеопходните, како што се ковачкиот, терзискиот и други. На пример во селото Негрево во минатото имало 77 работилници за катран што гоноселе за Мелник, Серез, Кавала и Солун.[3]

Но, и денес занаетите се поврзани со начинот на живот на луѓето на овој етно предел. Теренските истражувања во примарниот и археолошкиот контекст во Малешевијата дадоа можност да се согледа состојбата со традиционалните занаети. Во таа смисла беа опфатени сите села каде беше констатирана сегашната состојба. Во селата се истражуваше на база на претходните сознанијд за занаетите и се правеше компарација со состојбите во минатото и сега. Сигурно дека општиот напредок во животот денес продира и во овој етно-регион, така што малку можеше да се идентификува од поранешните занаети и од производите што некогаш биле неопходни, пример, коларскиот, потковичарскиот, катранџискиот. Малку можеше да се сретнат традиционални занаети во примарниот контекст. Например во Русиново, еден дрводелски занаетчија, кој изработува каци и буриња, има внесено многу новини во производството, но и во алатот што го употребува, така што и тука има делунмо напуштање на традиционалното. Нив денес ги заменуваат современи занаети и современи средства, впрочем, како и на други места во светот, како што за

исчезнувањето на културните традиции во современото општество вели Beate Wild[4], "едни занаети несанували, други се појавуваат."

Извршените истражувања овозможија да се уочат идентитетите на алатите и производите поврзани со селските занаети во етно пределот Малешевско, посебно опфаќајќи ги вистгинскиот, структуралниот и функционалниот идентитет на предметите на наследството. Исто така, е добиена јасна слика за состојбата на носителите на информации – предметите на наследството (материјални и нематеријални) во примарниот, археолошкиот и музеолошкиот контекст.

Со истражувањата е добиена јасна слика за состојбата на традициската култура поврзана со селските занаети во Малешевско. Покрај тоа се потврдија сознанијата дека секојдневно се губат трагите од културните слоеви поврзани со нашата тематика. Со губењето на одделните занаети се губат првобитните техники на изведување, се губи знаењето на претходните генерации[5], наприимер, правење катран во Негрево, или правење коли во Русиново, или сушење сливи во Дворишите и сл. Во економски поразвиените селски населби побргу се губат тие траги во однос на посиромашните, каде, на некој начин, е конзервирана таа традициска култура. Затоа, од деноволно развиените населби се укажуваше или сеуште се укажува можноста за набавка на носители на информации – предмети, поврзани со нашата тематика, кои овозможуваат збогатување на универзитетската музејска збирка при Институтот за етнологија на Природно-математичкиот факултет во Скопје. Секако, не може времето да се врати, да се вршат оние занаети, кои некогаш живот значеле. Но, знаеме дака може да се зачува споменот на тие занаети, да се зачува сознанието за начините на изведување на одделни занаети, естетските, функционалните и структуралните и други особини на производите. Во таа смисла, во зачувањето на материјалното и нематеријалното културно наследство голем придонес дава музеализацијата на тоа наследство. Во време на глобализација, значајна улога во меморирањето на културните традиции на народите имаат музеите како арена за културна презентација.[6] Тоа значи дека музејските установи може да партиципираат во мотивацијата, во советувањето и координирањето на одделни процеси во реактивирањето на традиционалните техники и знаења. Всушност, затоа добар пример се и музеите под отворено, како што е Етар и други.

Во Малешевијата во музеолошкиот контекст не се врши систематска музеолошка обработка на предметите поврзани со занаетите. Во Историческиот музеј на Берово, повеќе стихијно отколку систематски, се прибрани повеќе предмети што се однесуваат на земјоделството, сточарството и занаетите, но истите не се музеолошки обработени. За да може тие да постанат документи на времето, просторот и општествената средина, потребно е да се употребат стандарди на информативни полиња кои ќе е гарантираат сеопфатност и точност на податоците. Тоа мора де се направи што поскоро, зашто забот на времето ќе придонесе во заборавањето на информациите поврзани со идентитетите на предметите, ако веќе не е доцна. Инако, одделни примероци поврзани со занаетите се наоѓаат во Музејот на Македонија во Скопије, кои музеолошки се обработени. Но, нивниот број е мало.

## Бележки

[1] Ivo Maroevic: *Uvod u muzeologiju*, Zagreb, 1993, str. 97.

[2] Jeremije P. Pavlovič: *Maleševo i Maleševci*, Beograd, 1928, str. 60.

[3] J. Pavlovič: citirano delo, str. 23.

[4] Dr Beate Wild: Dead – end – road or turn – table between yesterday and tomorrow? New aims for museums. Paper presented at the conference *Cultural Traditions in Danger of Disappearing in Contemporary Society – A Challenge for Museums.* Sibiu, Romania, September 26–30, 2003.

[5] Dr. Tom G. Svensson: *Knowledge and Artifacts – People and Objects, on Cultural Traditions and Researched Based Collecting.* Paper presented at the conference *Cultural Traditions in Danger of Disappearing in Contemporary Society – A Challenge for Museums.* Sibiu, Romania, September 26–30, 2003.

[6] Vanessa Kredler: *Desert winds of change: High – Altitude Ladakh's responses to a global challenge.* Paper presented at the conference *Cultural Traditions in Danger of Disappearing in Contemporary Society – A Challenge for Museums.* Sibiu, Romania, September 26–30, 2003.